**Милица Шкариќ** завршила средно музичко образование во класата по пијано на проф. В. Нолчева во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ - Скопје. Дипломирала пијано во Париз на Ecole Normale de Musique de Paris во класата по пијано и камерна музика на Нелсон дел Вињ. Две години изучувала корепетиција во класата на Сесил Хугонар-Рош, професор на Националниот конзерваториум во Париз. Три години се усовршувала како солист во класата на интернационално реномираниот пијанист Евгениј Королиов на Факултетот за музичка уметност во Хамбург, Германија. Докторирала на ФМУ Скопје под менторство на проф. Т. Светиев. Во текот на 2004-2005 била гостин професор на Факултетот за музичка уметност во Ен Арбор, Мичиген, САД.

Носител е на три први републички награди по пијано, на прва специјална награда со максимален број поени на сојузниот натпревар на поранешна Југославија, четврта награда на меѓународниот натпревар во Сенигалија, Италија, прва награда на меѓународниот натпревар во Саребург, Франција и награда за корепетиција на натпреварот „Елизе Мајер“, Хамбург.

Настапувала како солист и камерен партнер во Франција, Германија, Италија, САД, Србија, Бугарија, Македонија и др. Повеќе нејзини целовечерни концерти се снимени во живо од Македонската радио телевизија. Нејзини изведби на дела од македонски современи композитори се издадени на неколку ЦД изданија од СОКОМ, и на ЦД заедно со обоистот В. Лазаревски, како и на ЦД со тенорот М. Арсенски. Нејзините настапи се високо оценети од музичките критичари.

Шкариќ е редовен професор по предметите „Пијано“ и „Методика на наставата по пијано“ на Музичка академија во Штип. Автор е на учебникот „Пијано, детски и други музички инструменти“, книгата „Интерпретациски проблеми на избрани дела за клавишни инструменти од Ј. С. Бах“, учебник по предметот „Историја на пијанизмот 1“ и има објавено повеќе трудови и одржано повеќе работилници во земјата и странство.

## Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Музичка Академија

# КОНЦЕРТ

на

**Бранко Павловски – кларинет**

**Милица Шкариќ - пијано**

Четврток, 23.11.2017, 12:30 часот

Концертна сала